АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1009/2
12.12 2011 год.
СКОПЈЕ

Приватна високообразовна установа - Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 03-360/1
06.12 2011 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 06.12.2011 година, помеѓу:

1. Агенција за енергетика на Република Македонија, ул. Орце Николов бр. 68, Скопје, застапувано од директорот Лазар Гечевски и

2. ГЕЦ (Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии), во состав на ПВУ-ВСШ "Факултет за бизнис економија", ул. Коста Новаковиќ 8, Скопје, застапувано од директор, проф.д-р Антонија Јосифовска

## I. Предмет на договорот

### Член 1

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓусебна соработка меѓу договорните страни за поквалитетно извршување на тековните обврски и разбирање при започнување на идни заеднички активности.

### Член 2

Соработката од член 1 од овој Договор се однесува на:

1. Консултирање и техничка поддршка при извршување на работните задачи предвидени по програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии.
2. Организирање и логистичка поддршка на проектни активности и настани;
3. Соработка при остварување контакт со сродни институции од другите земји, посебно од Германија.
4. Соработка и заедничко аплицирање на проекти на регионално и локално ниво. Соработката на конкретни проекти ќе биде дефинирана во посебни договори.
5. Обезбедување на целосна информативна поддршка за добрите практики и искуства од Германија и нивна интеграција во работењето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.
6. Учество во изработката на извештаи за проектните активности;
7. Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии, при заедничко организирани настани со Агенцијата за енергетика на Република Македонија, ги става на располагање наставните материјали и опрема кои ги поседува во склоп на Сончевата школа, а се по пример на Германските сончеви школи и тоа:
   - наставни помагала СоларПрофи за изведување настава за фотоволтаици (симулација за добивање на енергија од сонце)
   - наставни помагала за соларна термија
   - термовизиска камера
   - наставна литература
8. Други работни задачи по предлог на Агенцијата за енергетика на Република Македонија или Германскиот центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии.

АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1009/2
12.12 2011 год.
СКОПЈЕ

Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 03-360/1
06.12 2011 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден 06.12.2011 година, помеѓу:

1. Агенција за енергетика на Република Македонија, ул. Орце Николов бр. 68, Скопје, застапувано од директорот Лазар Гечевски и

2. ГЕЦ (Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии), во состав на ПВУ-ВСШ "Факултет за бизнис економија", ул. Коста Новаковиќ 8, Скопје, застапувано од директор, проф.д-р Антонија Јосифовска

## I. Предмет на договорот

### Член 1

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓусебна соработка меѓу договорните страни за поквалитетно извршување на тековните обврски и разбирање при започнување на идни заеднички активности.

### Член 2

Соработката од член 1 од овој Договор се однесува на:

1. Консултирање и техничка поддршка при извршување на работните задачи предвидени по програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија и Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии.
2. Организирање и логистичка поддршка на проектни активности и настани;
3. Соработка при остварување контакт со сродни институции од другите земји, посебно од Германија.
4. Соработка и заедничко аплицирање на проекти на регионално и локално ниво. Соработката на конкретни проекти ќе биде дефинирана во посебни договори.
5. Обезбедување на целосна информативна поддршка за добрите практики и искуства од Германија и нивна интеграција во работењето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.
6. Учество во изработката на извештаи за проектните активности;
7. Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии, при заедничко организирани настани со Агенцијата за енергетика на Република Македонија, ги става на располагање наставните материјали и опрема кои ги поседува во склоп на Сончевата школа, а се по пример на Германските сончеви школи и тоа:
   - наставни помагала СоларПрофи за изведување настава за фотоволтаици (симулација за добивање на енергија од сонце)
   - наставни помагала за соларна термија
   - термовизиска камера
   - наставна литература
8. Други работни задачи по предлог на Агенцијата за енергетика на Република Македонија или Германскиот центар за енергетска ефикасност и обновливи енергии.

## II. Времетраење на договорот

**Член 3**

Важноста и времетраењето на овој Договор е една година од денот на неговото потпишување и е со можност за продолжување.

Овој Договор се продолжува со потпишување на Анекс на Договорот помеѓу двете договорни страни.

## III. Права и обврски на договорните страни

**Член 4**

Обврски на договорните страни:

- обезбедување услови за извршување на работите од член 2 на овој Договор;
- заштита на приватноста и чување на доверливите податоци;
- стручно и совесно извршување на договорените активности.

## IV. Вредност на договорот и начин на плаќање

**Член 5**

За извршување на работите од член 2 на овој договор нема да се врши исплата на надомест освен ако тоа не е поинаку дефинирано со посебен анекс или друг Договор.

## V. Раскинување на договорот

**Член 6**

Договорот за соработка може да се раскине во следните случаи:

- со истекот на временскиот рок утврден во член 3 на овој Договор;
- со неисполнување на некоја од обврските од член 4 на овој Договор;
- со спогодбено раскинување помеѓу договорните страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои секоја страна задржува по 1 (еден) примерок.

Директор,
Лазар Гечевски, дипл.ел.инг.

Директор,
Проф.д-р Антонија Јосифовска

СКОПЈЕ